РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08 - 555/7
09.08. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 61 седница одржана на 30.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Безбедност, криптографија и кодирање", втор циклус на акдемски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за информатички науки и компјутерски инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Безбедност, криптографија и кодирање", втор циклус на акдемски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за информатички науки и компјутерски инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година

3.По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по информатички науки и компјутерско инженерство, од областа на безбедност, криптографија и кодирање /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science in Computer science and engineering in the field of Security, cryptography and coding.
Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки, 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 110 Информатика, 212 Компјутерска техника и информатика, 109 Математика, Научно – истражувачка област: 11001 Теорија на системи и контрола, 11002 Информациони системи и програмирање, 11003 Програмски јазици и системи, 11004 Нумеричка анализа, 11005 Вештачка интелигенција, 11006 Сметачки интегрирани методи и апликации, 11007 Алгоритми 11008 Оптимизација, 11009 Симулација, 11010 Развивање на софтвер и бази на податоци, 11011 Друго, 21200 Архитектура на сметачки системи, 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациони системи и мрежи, 21203 Бази на податоци 21204 Обработка на информации, 21205 Вештачка интелигенција и системи, 21206 Процесирање на податоци, 21207 Организација и методологија на проектирање насметачки системи (хардверски системи, софтвер), 21208 Друго, 10907 Математичка статистика и операциони истражувања, 10909 Теорија на веројатноста, 10912 Применета математика и математичко моделирање, 10913 Програмирање.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 125/56 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Безбедност, криптографија и кодирање", втор циклус на акдемски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС), на англиски јазик на Факултет за информатички науки и компјутерски инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-168/19 од 27.01.2023 година (наш бр. 08 - 555/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 555/6 од 26.07.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 61-та седница одржана на 30.06.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова